Број: 0302-31
07.02.2025 година
В е л е с

До
Сектор / одделение за Финансии / Сметководство / Правни работи / Ревизија

**Предмет**: Покана за работилница

Почитувани,

**Новините - измените и дополнувањата на Законот за јавни набавки („Службен весник на РСМ" бр.14 од 23.01.2025 година,** како и вашите барања за обезбедување стручни и професионални насоки за постапување, беа поттик **Здружението на финансиските работници на локалната самоуправа и јавните претпријатија - Велес** да организира работилница за презентирање на актуелните теми и давање прецизни одговори и насоки за соодветно и законско постапување, на тема:

**„ИЗМЕНИ ВО ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНИТЕ НАБАВКИ И НОВИНИ ПРИ СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПОСТАПКИТЕ ПРЕКУ ЕСЈН"**

Работилницата ќе се одржи на **19 Февруари 2025 година во хотел „Best Western", Скопје.** Регистрацијата на учесниците е од 09:00 до 09:30 часот, а почетокот на работилницата е од 09:30 часот.

**Темите наведени во Програмата за Континуирано Професионално Усовршување (КПУ) се акредитирани со 8 КПУ часови. Здружението на финансиските работници е акредитирано од Институтот на сметководители и овластени сметководители (ИСОС) за одржување на КПУ работилници.**

Работилницата ќе ја реализира **д-р. Маре Богева Мицовска**, која е практичар и професионален обучувач со огромно долгогодишно работно искуство во областа на јавните набавки.

Работилницата има за цел да обезбеди стручен, директен, сеопфатен и интерактивен пристап, преку обезбедување одговори на поставените прашања, компетенти и прецизни насоки за постапување во контекст на **новините во Законот за јавните набавки**, со цел поддршка на функционирањето на ефикасен и ефективен систем за јавни набавки. При тоа, ќе бидат разработени следните теми и области:

1. **Измени на Законот за јавни набавки**
   - Надлежности на Бирото за јавни набавки
   - Набавка од мала вредност
   - Поедноставена отворена постапка
   - Причини за исклучување од постапката
   - Евалуација на понудите
   - Поништување на постапката
   - Жалбена постапка
   - Воведување на административна проверка
2. **Најчести прашања и дилеми при спроведување на Законот за јавните набавки и обврски согласно реформската агенда**
   - Ажурирани најчести поставувани прашања на ЕСЈН
   - Намалување на користењето на е-аукција
   - Зголемување на користењето на е-пазар
   - Зголемено користење на критериумот за избор ЕНП – економска најповолна понуда
3. **Измени и новини на Електронскиот систем за јавни набавки - ЕСЈН**
   - Автоматска објава на тендерска документација
   - Нов образец на финансиска понуда

- Потпишување на финансиската и техничката понуда на ниво на апликација

4. **Интерни процедури во јавните набавки**
   - Опфат
   - Корисници
   - Транспарентност и обрасци

5. **Индикатори за следење на ризици во јавните набавки – Извештај на црвени знаменца RED FLAGS**
   - Планирање
   - Тек на постапката и евалуација
   - Доделување на договори / жалби
   - Аукции
   - Колизија и договарање
   - Реализација на договори

Со измените и дополнувањата на Законот за јавните набавки, се вршат одредени интервенции со цел постигнување на чекорите планирани со Реформската агенда во рамки на Планот за раст за Земјите од Западен Балкан, кои се однесуваат на намалувањето на користењето електронски аукции и зголемување на користењето на е-Пазарот.

Искористете ја оваа исклучителна можност да учествувате на обуката, да ги надградите своите знаења и практични вештини и да размените информации за областите од работилницата. Работилницата се одржува во клучен период во кој се актуелни темите кои ќе се разработуваат.

**Надоместот (котизацијата) за учество на работилницата** е задолжителна за сите пријавени за учество на работилницата и изнесува: само **7.000,00 денари (со вклучен ДДВ)** по учесник со вклучени работни материјали, сертификат за учество на работилницата, кафе пауза и ручек.

Котизацијата за учество на работилниците можете да ја уплатите на:
**Здружение на финансиските работници на локалната самоуправа и јавните претпријатија**
**Сметка 300270000017628 - Комерцијална Банка АД Скопје**
**Сметка 200000026137030 - Стопанска Банка АД Скопје**
**Даночен број МК 4004997107233**

**Учесниците на работилницата ќе добијат сертификат за учество на работилницата.**

Во функција на добро организирање на работилницата Ве молиме навремено да го пријавите Вашето присуство во **Здружението на финансиските работници**. Вашите пополнети пријави за учество на работилницата ги очекуваме на емаил: zfrlsjpv@gmail.com и kontakt_zfr@yahoo.com Поканата и Агендата за работилницата, како и формуларот: Пријава за учество на работилницата се поставени на нашата веб страна https://zfr.org.mk/

За сите дополнителни информации обратете се во канцеларијата на Здружението на финансиски работници, на тел. 043/230-623, моб. 071/335-930, 076/265-136 или преку погоре наведените емаил адреси.

Ве очекуваме да ни се придружите и заеднички да ги разрешиме сите отворени прашања и дилеми поврзани со темите од работилницата.

Со почит,

**Извршен директор,**
м-р Зоран Јанкуловски

Здружение на финансиски работници на локалната самоуправа и јавни претпријатија ВЕЛЕС 2